Република Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр. 04-865/16
16.08.2018 год.
Велес

Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18) директорот на Јавна установа меѓуопштински Центар за социјална работа-Велес, донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес

1. За извршител на работното место, Помлад соработник-Информатичар во Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси во Службата за административни и помошно технички работи, по јавниот оглас бр.103/2018 **се избира** кандидатот **Милан Ставров**.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

*О б р а з л о ж е н и е*

Во врска со јавниот оглас бр.103/2018 објавен на ден 14.07.2018 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници ,,Нова Македонија,, , ,,Вечер,, и ,,Лајм,, за пополнување на работно место преку спроведување на постапка за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-1099/5 од 17.07.2018 година на ден 31.07.2018 година изврши административна селекција и констатира дека за огласеното работно место Помлад соработник-Информатичар во Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси во Службата за административни и помошно технички работи – еден извршител, уредно се пријавил 1 кандидат (записник бр.10-1099/6 од 31.07.2018 година).

На ден 13.08.2018 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за администартивен службеник (записник бр.10-1099/7 од 13.08.2018 година), а на ден 14.08.2018 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник (записник бр.10-1099/8 од 14.08.2018 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр.103/2018 и истиот беше доставен до директорот со допис бр.10-1099/9 од 14.08.2018 година, примено во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес на ден 16.08.2018 година.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈУМ Центар за социјална работа-Велес

Директор,

Азиза Цини